

списание за ПРОМОВИРАЊЕ на БИБЛИСКАТА

# АРХЕОЛОГИЈА

копање подлабоко

број 11 • Година II, 2017 • цена 30 денари • месечно издание





Еберсовиот папирус

Здравствените закони на древните Евреи



Начинот на исхрана и здравјето

Првите ковани пари



Историски информации базирани на монети

*Во овој број:*

## МЕДИЦИНАТА

и здравјето пред многу години

## КОВАНИТЕ ПАРИ

во антиката

*Речиси е сигурно дека изучувањето на медицината започнало во древниот Египет. Древните Египќани имале неверојатно прецизно знаење за анатомијата на човечкото тело. Несомнено, ова знаење било резултат на подготвувањето на мртвите тела за мумифицирање. Овој процес многу наликувал на сецирање мртовец од модерен студент по медицина. Кога се подготвувало телото за мумифицирање, се правел централен рез во стомакот и органите, со исклучок на срцето, биле вадени и чувани во посебни тегли. За време на овој процес балсамерите ја учеле соодветната положба и функција на органите во телото. Се разбира, нивното знаење не било совршено.*



Речиси е сигурно дека изучувањето на медицината започнало во древниот Египет

На пример, тие претпоставувале дека вените, артериите, нервите и мускулите се поврзани меѓусебно и се насочени кон срцето. Срцето, а не мозокот, било седиштето на мислите и емоциите. Сепак не ја разбирале точната функција на срцето во циркулацијата на крвта. Ова погрешно сфаќање било распространето во тоа време. Денес ја употребуваме таа идеја во нашата терминологија. Велиме „ми го стопи срцето“ или „тој ѝ го освои срцето“. Египетскиот историчар Манетон вели дека во првата династија имало некој крал Атотис (Atothis) кој не само што бил лекар туку бил и автор на трактат за анатомија. Ништо не останало од овој трактат освен што е споменат во познатиот Еберсов папирус, медицински текст што датира од осумнаесеттата династија, во кој се тврди дека цитираниот рецепт за растење на косата датира од времето на овој цар.

## Докторот **Имхотеп**

На Имхотеп, познатиот архитект на крал Џосер од третата династија, му биле подеднакво признаени неговите медицински и архитектонски способности. Сите египетски цареви и архитекти не биле лекари, но СИТЕ лекари биле свештеници, маѓепсници и до понизок степен, писари. Кога еден студент по медицина почнувал со обука, тој морал да научи да чита и да пишува за да може да учи од медицинските папируси од тоа време. Како свештеник, тој бил многу често во храмот за да ги научи молитвите и магичните вражби што биле дел од неговата професија. Работел како чирак на докажан медицински практичар-свештеник, бидејќи тежнеел да стане доктор. Низ вековите сигурно имало илјадници вакви свештеници-доктори, но за нив и за нивните работни искуства со царското семејство имаме малку записи. Овие дворски доктори, освен што биле на значајни позиции, не е чудо што им биле дадени и модерни титули: „Стомачен лекар на палатата“, „Очен лекар на палатата“ и „Чувар на царските утроби“ итн. Освен што студирале медицина и работеле како доктори, овие древни Египќани воедно и пишувале за медицината. За да се сочуваат нивните записи, рецепти и историјата на различни случаи, тие создале богат анатомски и медицински хиероглифски речник.



Еден од ретките прикази на Имхотеп



Еберсовиот папирус (фрагмент)

Папирусот на Смит (фрагмент)

## **Еберсовиот** папирус

Најпознатиот медицински папирус е познат како папирусот на Еберс. Германскиот египтолог Џорџ Еберс го пронашол во 1872 година.

Папирусот на Еберс е копија на уште подревен документ. Тој е долг повеќе од 20 метри и содржи 2289 реда хиероглифски текст. Писарот што ја направил копијата вели дека неговата работа е резултат на информации од првата, шестата и дванаесеттата династија. Уште еден медицински папирус, познат како папирусот на Смит, има речиси иста важност. Едвин Смит, колекционер на антиквитети, ја купил ролната папирус од еден селанец во 1862 година.

Папирусот на Смит е долг околу 4,5 метри и има 400 реда хиероглифски текст што датира од осумнаесеттата династија. Египетските доктори грубо ги категоризирале болестите во две категории. Во првата категорија биле вклучени болести предизвикани од нешто очигледно како изгореници, попарување или последици од несреќа. Во втората категорија влегувале здравствени проблеми кај кои не била позната причината. Бидејќи немало очигледно објаснување за втората категорија, докторот претпоставувал дека е болеста предизвикана од некакво лошо влијание, веројатно поради навреден бог, демон или магија од некоја мртва или жива личност. Ако таква болест од втората категорија не можела да се излекува со вообичаените третмани, докторот применувал магија. Тој рецитирал вражби над заболениот или, пак, намерно препишувал невкусни напивки, па откако заболениот ќе ги испиел, биле уверени дека ќе го избркаат демонот од неговото тело.

## **Апсурдноста** на некои третмани

Како состојки за напивките биле земани разни делови од некое животно или од инсект – сало, крв, утроба, измет или рогови, копита, шепи, коски или очи; измешани во млеко, во вода или во вино и засладени со мед за да може несреќниот пациент да ја голтне дозата. Некои од забележаните рецепти биле крајно чудни, како лекот на Зер против ќелавоста — копито од магаре, шепа од куче и некои варени состојки. Не е наведено дали смесата требало да се голтне или се втривала на ќелавото место.



сер Флиндерс Петри

Како и да бил употребуван, лекот не дејствувал или, пак, Зер не го употребувал својот лек, затоа што кога сер Флиндерс Петри го откопал гробот на Зер, пронашол перика. Како што минувало времето, пациентите или свештениците-доктори мора да станувале помудри, затоа што подоцнежните рецепти докажуваат дека тие биле свесни за вредноста на билните лекови. Понекогаш дури препишувале диета соодветна за определена болест. Ова е рецепт земен од папирусот на Еберс, и тој требало да лекува треска: 5 роа прашок од суви урми („ро“ била единица мерка, приближно колку една супена лажица), 5 роа прашок од (*зборот не може да се преведе*), 40 роа течност од тестенини. Овие три состојки требало да се варат додека да „останат 30 роа течност“. Не била наведена одредена доза, упатството било едноставно: „Се дава на маж или на жена што има соодветна топлина, сè додека не закрепне“.

## Дијагнозата во Египет

Овие медицински папируси содржеле и многу навестувања за дијагностички процедури кои малку се разликуваат од современите основи за прегледување и испитување. Пациентот бил прашуван да ги објасни почувствуваните симптоми, на пример, кога пациентот чувствувал болка, тогаш се укажувало на местото на болката, дали во раката, на грбот или „на двете места“. Исто така, тој велел дека се чувствува „премногу деприминран за да јаде“. Овие древни египетски доктори внимателно ги забележувале видливите знаци на болка кај пациентите - бледило, црвенило на лицето, раце што се тресат. Ги испитувале урината, изметот и спутумот (шлајмот). Ако докторот се сомневал дека коската била скршена, жлездата зголемена, или, пак, ако има тумор, тогаш го боцкале пациентот и се продирало во него; потоа доаѓал до заклучоци. Многу слично на денешната процедура. Египетските доктори експериментирале и со едноставни хируршки процедури. Тие знаеле како да имобилизираат скршени коски. На една гробна слика е претставено како медицински практичари имобилизираат изместено рамо. За раната да биде чиста, користеле завој и биле свесни за важноста на студените облоги.

## Трепанција и забоболка

Во древните времиња трепанцијата (операција на черепот) била добро позната хируршка процедура. Пронајдени се черепи на кои има четвртести дупки. Само во Израел биле пронајдени 28 такви черепи. Такви черепи биле пронајдени и кај Ерихон, кои потекнуваат од најраната окупација, што значи дека процедурата се практикувала уште од почетокот на цивилизацијата. Во повеќе случаи коската бргу зараснувала, што всушност покажувало дека пациентот успеал да преживее. Не може да се определи дали преживувањето било резултат на операцијата. Од времето, древните луѓе чувствувале болка во забите. Во Египет имало стоматолози, но ги викале „забари“, што претставува позначајна идентификација. Една причина за проблемите со забите била јадењето леб и друга храна направена од брашно која се подготвувала на камена подлога. Делчиња од камен се мешале со брашното и се џвакале. Како резултат на ова забележани се многу примери на расипани заби. На еден пациент му била направена вертикална дупка во забот и во дупката му била ставена бронзена жица долга 2,5 мм. Ова е првиот познат пример за пломбирање со метал. Во Сиднеј еден истакнат стоматолог-хирург го изразил своето мислење и рекол дека пломбирање со метал не би дало позитивен резултат. При самата помисла на правењето дупки му поминувале морници низ телото. Болката мора да била ужасна, освен ако на пациентот не му бил даден алкохол или опиум.



Во Египет имало стоматолози



## Здравјето и хигиената

Египетските доктори се стекнале со некакво знаење за хигиената, за разлика од најдревните или примитивните култури. Докторите не само што препорачувале лична хигиена туку и ја нагласувале потребата за чисти куќи и јавни конструкции. Ја нагласувале и потребата за дезинсекција. Во нивните медицински папируси тие вклучувале рецепти за отстранување болви, муви и други паразити од куќите. Овие древни доктори не само што се занимавале со несреќи и болести туку и посветувале внимание на тоа како да се остане млад. Меѓу најдените магични папируси се наоѓаат рецепти за спречување на процесот на стареење. Најпопуларен бил афродизијакот и изгледа дека секој доктор го препорачувал својот омилен рецепт. Имено, во еден папирус има формула со неодолив наслов „Како да претвориш стар човек во млад“. Во изобилство имало лекови против ќелавост, бела коса, брчки. За повозрасни жени се вршеле хируршки интервенции за подигнување на градите и имало цела колекција креми против брчки, како и бои за коса. За младите имало лекови и методи за отстранување дамки, мо-

Козметиката била популарна





Селки бунар во Назарет



Шекет, египетската божица на медицината

золчиња и други несакани флеки на кожата. Имало и дезодоранси и козметика во која спаѓале и кремите за чистење.

## Древните болници

Санаториумот бил најинтересна од сите древни египетски медицински ординации. Во некои случаи санаториумот бил изграден веднаш до храмовите.



Храмскиот санаториум во Дендера

Подоцна Грците ја имитирале оваа идеја и најверојатно тие биле претходници на современите санаториуми и здравствени установи. Заболените можеле да се консултираат со докторот-свештеник. Откако ќе ги охрабрел тој, тие можеле да останат таму и да го поминат своето време одморајќи се и молејќи се на боговите да закрепнат. Останати се само остатоци од древните египетски санаториуми. Меѓутоа, на островот Кос, каде што бил роден Хипократ, таткото на грчката медицина, околу 400 години пред нашата ера, има добро дефинирани остатоци од т.н. ескулапиум. Таму имало посебни простории, места за капење и простории за консултација со свештениците. И во Пергам и во многу други лесно пристапни туристички центри има остатоци од овие стари санаториуми. До многу египетски храмови биле изградени библиотеки за медицина. Медицината и религијата оделе заедно, а Шекет, во форма на скорпија, била египетската божица на медицината. Многу славни грчки доктори од подоцнежните периоди ги копирале египетските методи што ги нашле во сочуваните медицински записи и рецепти во горенаведените библиотеки.

## Грчката медицина

Грците имале голема почит кон египетската медицина и практика. Таа била толку голема што во „Одисејата“, која била напишана пред околу 3000 години, Хомер вели: „Според познавањето на медицината, Египќаните се многу понапред од останатите народи во светот“. По освојувањето на Египет, Александар Велики ги



поставил своите генерали да владеат таму. Грците им се восхитувале на Египќаните колку ја познаваат медицината. Презеле голем дел од ова знаење. Рецепти, дијагностички процедури и употреба на лекови се учеле во храмот на Птах или на Имхотеп кај Мемфис. Иако докторите од древните времиња можеби биле многу почитувани, сепак морале да работат претпазливо. Што се однесува на медицинската практика, во еден од законите (кодексите) на Хамураби вниманието е свртено кон следното: „Ако докторот убие пациент при отворање на отечено место, тогаш ќе му се исечат рацете“. Во продолжение на тој кодекс наведено е дека, ако убиениот пациент бил роб, тогаш докторот требало само да му даде друг роб на господарот.



Хамурабиевиот законик

## Здравствените закони на древните Евреи

Мојсеј, еврејскиот дете-роб кој бил посвоен од египетската принцеза (2. Мојсеева 2,10) бил одгледан на египетскиот двор. Бил образован од царските мудреци. Сигурно ги знаел египетските закони за здравјето и за лекувањето. *„И ја научи Мојсеј целата мудрост египетска“* (Дела на апостолите 7,22). Иако Мојсеј напишал многу за здравјето, никогаш не вметнал ниту една египетска примитивна идеја во своите записи. Всушност, тој напишал многу работи што биле далеку понапредни од модерната концепција за здравјето и хигиената. Ние можеме само да заклучиме дека Бог му го открил тоа знаење. Врската меѓу овие здравствени закони



Мојсеј се школувал во Египет



и физичкото здравје е наведена во 2. Мојсеева 15,26: *„Ако го послушаш добро гласот на Господ твојот Бог, ако правиш што е угодно пред очите Негови, ако ги слушаш заповедите Негови и ако ги запазуваш сите наредби Негови, нема да ти пратам ниедна од болестите, што ги пратив над Египет. Зашто Јас сум Господ, твојот исцелител“*. Забележете некои од деталните совети и упатства што ги напишал Мојсеј. Изреката „Личната хигиена е веднаш до божественото“ не може да се најде во Библијата, но врската меѓу санктификацијата (светоста) и личната хигиена била јасно забележана. Кога Израелците дошле кај планината Синај и требало да го чујат Божјиот глас како ги изговара Десетте заповеди, Бог рекол: *„Појди кај народот и осветти го денес и утре; и нека ги исперат облеките свои“* (2. Мојсеева 19,10). Недостатокот на





лична хигиена не само што им пречи на другите, туку и предизвикува болест. Денеска се знае дека исхраната е важна за здравјето. Особено е документирана опасноста од дебелеење и зголемување на холестеролот во крвта. Па така, можеме да видиме дека инструкцијата што им била дадена на Израелците била мудра: *„Тоа нека е вечен закон за сите ваши поколенија, во сите ваши живеалишта: никаков лој и никаква крв да не јадете“* (3. Мојсеева 3,17). Сите сме гледале филмови или сцени во театар. Докторите и медицинските сестри носат стерилни гази - маски врз устата бидејќи болеста - бактеријата - може да се пренесе преку здивот. Овој принцип му бил пренесен и на Израел. *„На лепрозниот, кој има таква рана, облеката да му се раскине, и главата да му биде откриена, да биде забраден околу устата и да извикува: ‘нечист, нечист!’“* (3. Мојсеева 13,45).

## Претпазливост
### од зараза

Исто така, им била јасна и опасноста од зараза. Ги одделувале болните од лепра за да не се пренесе болеста на луѓето со кои биле во контакт. *„Сѐ додека ја има раната, да се смета за нечист; тој е нечист и треба да живее одвоен; неговото живеалиште да биде надвор од населбата“* (3. Мојсеева 13,46). Начинот на кој зборот „лепра“ се користи во Библијата покажува дека тука биле вклучени и други заразни болести на кожата. Затоа принципот на одделување бил важен закон за здравјето и хигиената. Контакт со облеката на заболениот донесувал опасност од зараза, па за дезинфекција бил користен најпознатиот уништувач на бацили и бактерии - огнот. *„Тој треба да ја изгори облеката, било основата, било волнениот или лененот јаток, или каков било предмет од кожа, на кој се појавила заразата, бидејќи тоа е вистинска лепра – на оган да се изгори“* (3. Мојсеева 13,52). До пред извесно време не се знаело дека мртвото тело претставува опасност од зараза. Докторите ги земале студентите по медицина во мртовечница за да прегледуваат трупови и потоа оделе во другите делови и оддели да прегледуваат пациенти без стерилизација на рацете или алиштата.

Тогаш не можеле да сфатат зошто толку многу пациенти мистериозно умираат. Библијата можела да им каже. *„Заповедај им на синовите израилски да ги истераат надвор од населбата сите лепрозни, и сите што имаат капавица, и сите што се оскверниле од мртовец“* (4. Мојсеева 5,2). Во многу земји од третиот свет, сиромашните луѓе немаат тоалети или простории за капење. Тие имаат општоприфатена практика да одат на полињата или на улиците пред да зазори и да го остават изметот. Изметот е изложен на муви кои потоа се ројат во колибите и слетуваат на храната и на немиените детски лица (особено на очите). Оваа практика предизвикала смртоносни болести како колера, стомачен тифус и проблеми со дигестивниот систем. Врската меѓу послушноста кон Божјите закони и долгиот и здрав живот е наведена во 5. Мојсеева 4,40: *„И пази ги наредбите Негови и заповедите Негови, кои денес ти ги давам, за да биде добро за тебе и за твоите потомци по тебе, и да останеш долго во таа земја, која Господ, твојот Бог, ти ја дава засекогаш“*. Заради тоа, корисно е да разбереме некои од библиските здравствени закони што се подеднакво важни и денес.





**Здравствените принципи кои се основа на современата медицина, објавени се во Библијата**



# Алкохолот
## и здравјето

Еден општоприфатен општествен обичај што е забранет во Библијата е консумирањето алкохолни пијалаци. Ова може да изненади некои луѓе кои претпоставуваат дека Исус го одобрувал. Тој ја претворил водата во вино на свадбена прослава (Јован 2,1-10) и им дал на своите ученици *„од лозовиот плод“* на Светата вечера (Марко 14,25). Павле го советувал Тимотеј: *„Употребувај по малку и вино, поради стомакот и честите боледувања“* (1. Послание до Тимотеј 5,23). Меѓутоа, треба да разбереме на што се мисли кога во Библијата се споменува вино. Нема посебни зборови во Новиот завет за алкохолно вино и неферментиран сок од грозје. Двата се преведени од ист грчки збор. Така, единствен начин за определување на значењето е да го анализираме контекстот. Кога Павле ни вели во Ефесјаните 5,18 *„и не опивајте се со вино,“* очигледно е дека зборува за алкохолно вино.

Кога читаме во Исаија 65,8: *„Како што во гроздот има сок* (ново вино), *и велат не го повредувај, зашто во него има благослов,“* очигледно е дека зборува за свеж сок од грозје што е добро за здравјето. Исус го консумирал овој тип вино, и Павле го препорачал. Меѓутоа, што се однесува за алкохолното вино, во Мудри изреки 23,29.30 пишува: *„На некого кавга, на некого жал, на некого рани без причина, на некого зацрвенети очи. На кого? На оние, што заседнуваат околу вино, кои одат да бараат вино со ароми“.* Ова е алкохолно вино и мудриот цар Соломон вели дека тоа дури не треба ни да се гледа. *„Не гледај го виното како се црвенее, како искри во чашата, колку убаво се лее; отпосле тоа ќе касне како змија и ќе жилне како отровница“* (стихови 31 и 32). Некои мислат дека консумирањето алкохол во умерени количини е добро. Но никој не знае кој може да биде умерен сè додека не почне да пие, а тогаш може да биде многу доцна. Многу луѓе пиеле заради друштво, а потоа завршиле како безнадежни алкохоличари. Единствениот сигурен начин е целосна апстиненција.





# Дроги
## што создаваат зависност





Уште една општоприфатена практика е пушењето, иако во денешно време медицинскиот свет успеа да ја алармира јавноста за опасноста. Тутунот може да биде фатален за здравјето, и не само што имаме обврска да внимаваме на нашето здравје туку имаме обврска и кон Бога. Павле напишал: ***„Не знаете ли вие дека сте храм Божји, и Духот Божји живее во вас? Ако некој го разурне Божјиот храм, него Бог ќе го разурне; зашто Божјиот храм е свет, а тоа сте вие“*** (1. Коринќаните 3,16.17). Истиот принцип важи и за користењето на некои дроги што создаваат навика. Дури и чајот и кафето содржат кофеин, неприродно стимулативно средство. Ако не мислиш дека е кофеинот дрога што создава навика, само обиди се да не го консумираш. Ќе искусиш непријатни симптоми, и со тоа ќе се покаже неговата природа. Ќе имаш подобро здравје без чај и кафе. На пазарот има производи што се посободветни од чајот и кафето. Се разбира, тие нема да можат да ве ослободат од желбата за кофеин, но со нив навиката за спиење, општото здравје и тенот значително ќе ви се подобрат.

# Начинот на исхрана
## и здравјето

Тука е и библиската информација за исхраната. Првобитната исхрана што Бог им ја дал на Адам и Ева во едемската градина била вегетаријанска. Бог рекол: *„Еве, ви давов секакви билки што даваат семе по целата земја, и секакви дрвја што во себе имаат семе според својот род и вид; тоа да ви биде за храна“* (1. Мојсеева 1,29). Дури и на животинското царство му била дадена вегетаријанска исхрана (стих 30). Бог никогаш немал намера да се пролева крв и да има суровост за да се задоволи апетитот. Дури откако потопот го уништил изгледот на целата земја, Бог му дал дозвола на човекот да јаде месо. Тогаш Бог рекол: *„Сè што се движи и живее ќе ви биде храна; сè ви давам како што ви ги бев дал зелените билки“* (1. Мојсеева 9,3). Уште оттогаш имало разлика меѓу „чистите“ и „нечистите“ животни (1. Мојсеева 7,2). Кога Израел излегол од Египет, Бог ја образложил забраната за консумирање нечиста храна. Животните што немале одвоени копита и не ја преживале храната, биле забранети (3. Мојсеева 11,3-8).





Посебно не било одобрено јадењето свинско месо. *„Свињите, бидејќи имаат раздвоени копита и длабок рез меѓу копитата, но не преживаат – нечисти се тие за вас. Од месото нивно да не јадете, ниту пак, мршите нивни да ги допирате – тие се за вас нечисти“* (стихови 7 и 8). И морската храна што нема перки и крлушки (стихови 9 и 10). Ова би ги елиминирало јагулите, јастозите, ракчињата и остригите. Докажано е дека сите овие забранети јадења се потенцијално штетни за здравјето. Во Новиот завет Павле вели *„нема ништо нечисто само по себе“* (Римјаните 14,14). Свињата или ракчето веќе не биле церемонијално „нечисти“, но заповедта *„од месото нивно да не јадете“* никогаш не била укината.

## Позитивна здравствена реформа

Доброто здравје не се состои само од забрани. Бог нè милува и сака да бидеме среќни и здрави. *„Возљубен, се молам да бидеш здрав и во сè да ти биде добро, како што ѝ е добро на душата твоја“* (3. Јованово 2). Треба да вежбаме и да спиеме соодветно. Треба да излегуваме на чист воздух, да јадеме здрава храна, да пиеме многу вода и да го избегнуваме чувството на стрес со тоа што ќе имаме доверба во Бога. Твојот небесен Татко те сака и можеш да му веруваш. *„Сите ваши грижи префрлете ги врз Него, зашто Тој се грижи за вас“* (1. Петрово 5,7), *„и така, било да јадете или да пиете, или нешто друго да правите, сето тоа правете го за слава Божја“* (1 Коринќаните 10,31).



Позитивни промени за подобро здравје





# КОВАНИТЕ ПАРИ ВО АНТИКАТА

Сè до втората половина на 8 век пред Христа, монетите не се ковале. Порано трговските зделки се извршувале со трампање. Трговецот што имал вишок жито или овци можел да го размени за некој артикл што му недостигал. Кога Соломон го градел прекрасниот храм во Ерусалим, му требало дрво од Либан, *„и Хирам му даваше на Соломон кедрово дрво и кипарисово дрво, според желбата негова. А Соломон му даваше на Хирам дваесет илјади кори пченица за исхрана на неговиот дом и дваесет кори цедено маслиново масло“* (1. Царевите 5,23.24). Еден кор изнесувал приближно 220 литри. Исто така, за направените услуги се разменувале добра. Јаков работел за Лаван седум години за размена за млади шарени јагниња и јариња (1. Мојсеева 30,35). Јуда ѝ дал млада коза од неговото стадо на една жена за нејзините извршени услуги (1. Мојсеева 38,17). Илјадници години основа на тргувањето била трампата.



Јаков работел за Лаван седум години за размена за млади шарени јагниња и јариња

Кога металот станал достапен, луѓето почнале да го сметаат за најпрактично средство за размена на добра и услуги. Металните шипки се употребувале за големи зделки. Најтешката мерка била талант, повеќе од 30 кг. Таткото на Ахав, Амвриј, за само два таланти сребро, купил рид на кој го изградил градот Самарија (1. Царевите 16,24). Кога Сенахериб од Асирија го зазел Ерусалим околу 700 г. пред Христа, Езекија „го купил“ со *„триста таланти сребро и триесет таланти злато“* (2. Царевите 18,14).

## Шекелите биле мера

При помали зделки се мереле мали парчиња метал. Кога Аврам сакал да купи пештера за да ја погребе жена му Сара, на сопственикот му понудил пари (1. Мојсеева 23,13). Не треба да се смета дека тоа биле ковани пари. Шеснаесеттиот стих вели дека *„Аврам му го измери среброто, што го кажа тој пред синовите Хетеови, четиристотини шекели сребро, како што врвеше тогаш меѓу трговците“*. Исто така, Јосифовите браќа им го продале Јосиф на мидјанските трговци за *„триесет парчиња сребро“* (1. Мојсеева 37,28). Кралот купил дел земја (гумно), на кој подоцна се изградил храмот на Соломон, за педесет шекели сребро, (2. Самоилова 24,24). Значи, во времето на Стариот завет шекелите не биле монети туку тежина, и можеле да се искористат за сребро или за злато. Ахав признал дека украл „една



Тег од еден талант со напис за богот Шара од Ума, 2100-1900 год. п.н.е.



Ахав зел од забранетото

облека од Сенаар и двесте шекели сребро и една златна шипка, со вредност од педесет шекели" (Исус Навин 7,21). Оваа мерка за тежина всушност е ингот (ingot), според преводот на Ерусалимската верзија на Библијата. Шекелите што ги пронашле археолозите тежат меѓу 10 и 12 грама.

## Ваги
### и мерење

За мерење на тежината било неопходно да се има вага и некоја стандардна форма за тежина. Вагите што се користеле биле многу слични на денешните ваги од многу источни земји - две тепсии што се поставени на прачка, избалансирани на средината. Такви ваги се прикажани на многу слики во египетските гробници. Во почетокот предметот бил мерен со обележување на страната што била потешка. Дури во римскиот период бил закачен вертикален показател на прачката за попрецизно мерење. Во Вавилон се најдени стандардни тегови за таланти во форма на камена патка со главата легната на телото. Кај Бет-Цур во Израел се пронајдени некои сферични впишани камени тегови. Кога Израелците кампувале кај планината Синај, сите способни мажи биле обврзани да платат сребро половина шекел на светилиштето. Тие платиле вкупно 100 таланти (кикари) и 1775 шекели (2. Мојсеева 38,25). 3000 шекели на талант изнесувале 301 775 шекели. По половина шекел за секој човек би изнесувало колку „шестотини три илјади петстотини и педесет души" (стих 26). Ова се совпаѓа со приближниот број од „околу шестотини илјади пешаци мажи"



Шекелите што ги пронашле археолозите тежат помеѓу 10 и 12 грама





Голем тег за мерење во облик на патка, Вавилон XIII век п.н.е.

кои го напуштиле Египет (2. Мојсеева 12,37). Се верувало дека овој половина шекел е „бека (мерка) за секој човек" (2. Мојсеева 38,26) и на еден од теговите што биле пронајдени кај Бет-Цур биле запишани буквите „bqa". Според денешниот метрички систем, тој тежел 5,8 грама. Постоела тежина помала од шекел. Се викала „гера". Во шекел има дваесет гери (2. Мојсеева 30,13), што значи дека било малку повеќе од половина грам. Исто така, имало и поголема тежина, на еврејски се нарекувала „мина" (1. Царевите 10,17). Ова е еднакво на околу 50 шекели.

## Предупредување
### против нечесноста

Сепак, ретко можело да се гарантира дека користените тегови биле точни. Немало централизиран стандард со кој би се обезбедило точност, и било неизбежно дека некои се обидувале да манипулираат со теговите во сопствена корист. Затоа Израел бил укорен: *„Во торбата своја не смееш да имаш две мерила: големо и мало"* (5. Книга Мојсеева 25,13). Нечесните трговци користеле потешки тегови кога купувале и полесни тегови кога продавале.

## Првите ковани пари

Дошло времето кога власта ја препознала потребата да ги заштити своите граѓани од бескрупулозните трговци. Ова можело да се постигне со издадавање метални парчиња на кои купувачите ќе им веруваат. Наједноставниот тип ковани пари ја имале почетната буква на градот од кој потекнувале. На пример, К за Коринт или А за Атина. Најверојатно првите монети што имале некаков дизајн и издал кралот Гиг од Лидија, денешна западна Турција, пред крајот на 8 век пред нашата ера. Неговите први монети биле од *електрум*, мешавина на злато и сребро. Наскоро, Кројс (Croesus) од Лидија, издал златни монети. Идејата се проширила и други земји почнале да издаваат сопствени ковани пари, притоа создавајќи покомплексен дизајн. Некои ставале ликови од животни, птици или инсекти. На некои монети биле прикажани боговите. Во 6 век Сиракуза за првпат ја прикажала главата на популарната грчка божица Аретуса. Едно неодамнешно откритие покажало дека и нејзината глава била втиснувана на златните прачки.



Митската нимфа Аретхуса



## Дамата од калај

Додека еден занаетчија безгрижно користел две плочки од калај, лемејќи нешто во својата работилница во Хаифа, на едната забележал некои чудни шари. Го пријавил тоа на властите. Било идентификувано дека тие плочки се стари 2.500 години. Тој занаетчија ги купил плочките од некој рибар, кој рекол дека ги нашол на местото на дамнешен бродолом на еден брег.

Овие плочки биле особено вредни, бидејќи нивните шари овозможиле да се определи точниот датум на други две плочки пронајдени во 1977 година.

Директорот на Општинскиот музеј на уметноста на Хаифа ги купил двете оригинални плочки. Бидејќи тие не



биле пронајдени со официјално ископување, не се знае од каде дошле, така што не се знае ни датумот. Меѓутоа, на нив имало врежани симболи кои личеле на стар минојски ракопис. Така плочките биле датирани дека се од доцниот бронзен период, кој вообичаено го опфаќа периодот пред 1200 г. пред Христа. Сепак, една од плочките што биле откриени кај занаетчијата во



„Чиј е овој лик и натпис?" - прашал Исус

Хаифа не само што имала шара слична на претходните две туку имала впечатен женски лик под кој бил напишан текстот: „Дамата од калај". Моделираната глава не била ништо особено, и на почетокот се сметало дека е капка истечена при моделирањето. Меѓутоа, при подеталните проучувања откриено е дека е сигурно женски лик, најверојатно ликот на Аретуса, митската грчка фигура пронајдена на монетите од 5 век пред Христа. Така се смета дека сите четири прачки датираат од оваа ера. Аретуса била митска нимфа и според неа бил наречен еден извор. Се велело дека богот на реката, Алфеј, се вљубил во Аретуса, која побегнала на Ортига и подоцна била претворена во извор.



Ковани пари со ликот на римскиот император Тибериј

## Ликови и натписи

Подоцна се вовел човечкиот лик и тоа за кратко време станало популарно. Во петтиот век се појавиле првите натписи на кованите пари. Во почетокот на монетите се појавувал иницијалот на градот од кој потекнувале, но наскоро станале познати пословените натписи, кои станале вообичаени. Кога фарисеите му го поставиле следното прашање на Исус Христос: *„Треба ли да се дава данок на царот или не?"* Тој рекол: *„Покажете ми ја даночната пара"*. Некој му донесол денариј, а Тој го кренал и ги прашал: *„Чиј е овој лик и натпис?"* (Матеј 22,17-20). Сребрениот римски денариј вредел една дневница (Матеј 20,2). На една страна било изгравирано името на Тибериј Цезар, а на другата страна бил неговиот лик. Исус рекол: *„Подајте го царевото на царот, а Божјото на Бога"* (Матеј 22, 21). Ова бил брилијантен одговор на стапицата што се обиделе да му ја постават фарисеите. Да речел Исус дека требало да плаќаат данок, тие ќе им кажеле на Евреите дека е виновен за поддршка на омразените Римјани. Од друга страна, ако одговорел да не се плаќа данок, ќе го обвинеле пред Римјаните дека ги учи луѓето да не плаќаат данок. Но, неговиот одговор не оставил простор за манипулација. Воведувањето ковани пари овозможило полесен начин на размена во трговијата и обезбедило металното парче да одговара на тежината и на вредноста што ја има. Луѓето што располагале со нив имале огромна корист. Повеќето монети биле ковани така што парче метал било поставено помеѓу два изгравирани калапи, а потоа удирано со чекан. Римјаните истурале растопен бакар во калапи за да произведат поголеми бакарни монети.

## Кованите пари за политичка пропаганда

Монетите се користеле и за политички цели. Цезаровите натписи на монетите ги прикажувале нивните победи, јавните работни програми и придонесите за сиромашните. Понекогаш ги користеле монетите да покажат независност. Евреите отсекогаш имале независен дух и ја користеле секоја можност да се бунтуваат против кој било народ што се обидувал да владее со нив. Веднаш откако ја поразиле римската војска во 66 г. и во 132 г. од нашата ера, издале сопствени монети за да ја покажат својата непослушност.



## Кованите пари во археологијата

Монетите имаат огромна вредност за археолозите кога се обидуваат да го определат датумот. Кога биле пронајдени пештерите кај Мртвото Море, имало жестока контроверзна дискусија за датумот на пронајдените ракописи. Откриените монети од Кумран датираат од времето на Јован Хиркан (135-104 г. пред Христа) па до времето на второто еврејско востание (132-135 г. од нашата ера). Ова ги побива тврдењата на некои научници дека записите потекнуваат од понов датум. Евангелските записи велат дека римскиот центурион изградил синагога за



Монетите откриени во Кумран

Евреите. Некои археолози сметале дека таа синагога е истата што била откриена кај Капернаум. Според архитектонскиот стил, други археолози сметале дека синагогата што била изградена од римскиот центурион датира од 2 век во н.е. Неодамна, кога археолозите ископале некои плочки, ѝ ставиле крај на дискусијата. Под подот тие пронашле 30 000 монети од 4 век од нашата ера. Сепак, самата конструкција одозгора мора да датира подоцна од 4 век. Многу години подземните остатоци што се наоѓале под подот на Црквата на дамата од Сион (Church of the Dames de Sion) на Виа Долороса во Ерусалим, се сметало дека припаѓаат на Пилатовата судница, каде што му се судело на Исус. Монетите што биле пронајдени под плочките докажуваат дека оваа конструкција не била изградена пред 4 век од нашата ера.



Монета со приказ на Светилникот во Александрија

# Историски информации
## базирани на монети

Кованите пари ни помогнале да разбереме и како изгледале местата и луѓето. Светилникот во Александрија бил еден од седумте светски чуда на античкиот свет. Бидејќи бил прикажан на монетите, ние знаеме нешто за неговиот изглед. Александар Велики издал многу монети, но на нив не го прикажал својот лик. Меѓутоа, една генерација подоцна неговите наследници кои, се разбира, знаеле како изгледал, нарeдиле да се кова неговиот лик на нивните монети. Во 306 година пред Христа, Птоломеј I од Египет бил првиот кој направил портрет на жив цар на монета. Исто и Клеопатра била прикажана на нејзините монети. Ако прикажаниот лик е веродостојна слика за тоа како изгледала, тогаш може да заклучиме дека таа не била сензуална убавица како што си ја замислуваме. Меѓутоа, неизбежна била злоупотребата на монетите. Во исто време кога се појавиле тие, почнала и изработката на фалсификати.



Александар



Птоломеј I



Клеопатра

# Истерувањето на менувачите на сребро

Кога патувале од една во друга земја, патниците морале да ја променат локалната валута во странска валута, поточно во валутата на државата што планирале да ја посетат. Денес е јавно поставена курсната листа. Заради тоа патниците се сигурни дека ја добиваат точната курсна разлика. Меѓутоа, кога почнале да се коваат пари, луѓето што ја вршеле размената од една валута во друга ги злоупотребувале неупатените селани и курсната разлика што ја наплатувале била превисока. Ова се случило во времето на Христос во Ерусалимскиот храм. Евреи од целиот римски свет посетувале годишни фестивали. Посетителите не можеле да донесат со себе сопствени жртвени животни, така што морале да купуваат кај храмот. Трговците го злоупотребувале ова и наплатувале скапо. И за плаќањето инсистирале да биде во еврејска валута. Доколку сакале да дадат прилог за храмот, тој морал да биде со пари на кои имало еврејски ракопис. Така, бизнисот на луѓето што ги менувале валутите бил во процут. Овие алчни активности што се извршувале на местото на Божјиот свет храм биле повеќе од тоа што Исус можел да го толерира. *„И ги затече во храмот оние што продаваа волови, овци и гулаби, и менувачите на пари – како седат. И откако направи камшик од врвци, ги избрка од храмот сите, и овците и воловите; а на менувачите им ги растури парите и ги испреврте масите, па им рече на оние што продаваа гулаби: 'Носете го тоа одовде, и од домот на мојот Отец немојте да правите дом за трговија'"* (Јован 2,14-16).



# Божјиот лек
## за лакомоста



Бог сериозно гледа на лакомоста. Десеттата заповед вели: *„Не пожелувај го домот на ближниот свој, не пожелувај ја жената на ближниот свој, ни слугата негов, ни слугинката негова, ни волот негов, ни магарето негово, ниту нешто друго, што му припаѓа на ближниот твој!"* (2. Мојсева 20,17). Бог ни заповеда да бидеме дарежливи. Мојсеј напишал: *„Ако братот твој осиромаши и изнемогне, поткрепи го, било да е тој туѓинец или преселеник, нека живее кај тебе"* (3. Мојсеева 25,35). Религиозната побожност никогаш не може да го заземе местото на дарежливоста спрема сиромасите. *„Ете го постот, што го избрав... споделели го лебот свој со гладните, и бездомните сиромаси закрили ги во домот свој; ако видиш гол, облечи го"* (Исаија 58,6.7). Исус се идентификува со сиромашните и со оние што имаат некаква потреба. Тој, за каков било добродушен гест го вели следното: „Вистина ви велам: доколку сте го направиле тоа за еден од овие мои најмали браќа, за мене сте го направиле" (Матеј 25,40). Со цел да ни помогне да се заштитиме од себичност и алчност, Бог воспоставил сеопфатен систем на давање. Се вика ***„десеток"***. Во времето пред ковањето пари, Мојсеј им напишал на земјоделците и овчарите: *„И секоја десеттина од земјата: од земните семиња и од плодовите на дрвјата, му припаѓаат на ГОСПОД: тоа е светиња ГОСПОДОВА... И секој десеток од крупниот и од ситниот добиток – сè десетто што ќе помине под пастирски стап, треба да му се посвети на ГОСПОД"* (3. Мојсеева 27,30.32).

# Десетокот денес

Иако денес повеќето луѓе имаат паричен приход, се употребува истиот принцип. Една десеттина од нашиот приход му припаѓа на Господа. Всушност, сè што поседуваме му припаѓа Нему (Псалм 50,10-12), но тој дарежливо ни дозволува да користиме девет десеттини од нашата заработка. Бог сака да му се врати една десеттина. Тоа не е наш подарок за Бога. Едноставно сме искрени со Бога кога му го враќаме тоа што го бара.

Што треба да се прави со овој десеток? Не можеме да му го дадеме на Бога. Меѓутоа, кога би се направило ова, тогаш на два пати ќе мора да се даде десетокот, бидејќи Бог би го дал приходот на тие што работат за него. Така тој рекол: *„А на Левиевите синови, ете, јас им дадов како дел десеток од сè што има Израил, за службата нивна, што ја вршат во скинијата на собранието"* (4. Мојсеева 8,21). Наместо луѓето да го даваат десетокот на Бога, и тогаш Бог да им плаќа на неговите слуги, верниците требало директно да им го даваат на Левитите.

# Десетокот
## не бил само за Евреите

Некои луѓе тврделе дека е ова еврејски систем што не се применува во христијанската црква, но десетокот го практикувале уште пред постоењето на еврејската нација. Аврам му давал десеток на Високиот свештеник Мелхиседек (1. Мојсеева 14,20). Кога Јаков ги сонувал скалите што воделе кон небото, следното утро

го кажал следното: *„Ако Господ Бог биде со мене и ме зачува на овој пат, по кој одам, и ако ми даде леб да јадам и облека да се облечам, и ако се вратам мирно во домот на таткото мој, и ми биде Господ мој Бог... И од сè што ќе ми дадеш, Тебе ќе Ти давам една десеттина“* (1. Мојсеева 28,20-22). Јаков не се пазарел со Бога. Неговите зборови едноставно ја покажувале неговата благодарност. Во поглед на Божјото ветување дека ќе го врати во татковиот дом (стих 15), тогаш Јаков ќе



може да ја исполни својата обврска кон Бога и да му плаќа десеток. Павле напишал: *„Не знаете ли дека оние што свештено дејствуваат, се хранат од светилиштето и му служат на жртвеникот, добиваат дел од жртвеникот? Така и Господ заповедал проповедниците на Евангелието да живеат од Евангелието“* (1. Послание до Коринќаните 9,13.14). New internacional version (NIV) вели „на ист начин“. Истиот принцип за десеток и подароци што важел во времето на левитските свештеници треба да важи и во денешната христијанска црква. За да им се обезбеди на свештениците заслужена плата која ќе биде постојана, ќе биде подобро ако сите десетоци ѝ се дадат на црквата. На свештениците ќе им се дава плата од овие средства. Црквата на адвентистите на седмиот ден е една од црквите што го применуваат овој систем. Десетокот не се слева во џебовите на свештениците. Црковниот благајник го испраќа во црковната главна канцеларија, која им дава на свештениците редовна плата. Ова е праведен систем во кој сите свештеници добиваат еднаква плата, без разлика дали проповедаат на поголеми или на помали собири.

## Дали имаме
### средства за тоа?

Некои сметаат дека не можат да си дозволат да платат толку голем процент од сопствениот приход за Бога. Всушност, ако луѓето имаат малку пари, не можат да си дозволат да не го плаќаат својот десеток. Не затоа што се осмелуваат да бидат неискрени кон Бога задржувајќи го тоа што е Негово, туку затоа што не можат да си дозволат да продолжат во животот без прекрасната ветена Божја грижа и заштита. *„Смее ли човек да краде од Бога? А вие крадете од Мене! Ќе речете: ‘Што крадеме од Тебе?’ – од десетокот и од приносите! Со проклетство сте проколнати, зашто ме крадете – вие и сиот народ. Донесете ги сите десетоци во ризницата, па да има храна во мојот дом, и потоа испитајте ме, вели ГОСПОД Саваот: зар нема да ги отворам отворите небески за да излеам благослов на вас, па да имате и одвишок? Заради вас ќе им забранам на оние, што ги изедуваат плодовите земни, и лозата ваша во полето нема да остане без плод“* (Малахија 3,8-11).

## Прекорување
### на скакулците

Знам дека ова навистина функционира. Многу мои интересни искуства го докажале ова. И искуствата на луѓето што ги познавам го



# ПРОВЕРЕТЕ ГИ СВОИТЕ СОЗНАНИЈА!

АРХЕОЛОГИЈА

Низ прашањата, дадени на оваа и на следната страна, можете да ги проверите и утврдите своите нови сознанија што ги стекнавте читајќи го овој број од БИБЛИСКА АРХЕОЛОГИЈА.
Доколку точно одговорите на прашањата од целата серија, ќе добиете **ДИПЛОМА** за завршен курс по Библиска археологија.

# МЕДИЦИНАТА И ЗДРАВЈЕТО
## ПРЕД МНОГУ ГОДИНИ

***1.*** Кој бил познат лекар во времето на кралот Џосер? Одговор:

***2.*** Како се вика најпознатиот медицински папирус од Египет? Одговор:

***3.*** Од која египетска династија потекнува папирусот Смит (Smith)?
Одговор:

***4.*** Во 3. Мојсеева 3,17 се споменуваат две работи кои не треба да се јадат. Кои се тие?
Одговор:

***5.*** Во Библијата, и ферментираниот и неферментираниот сок од грозје се нарекуваат...
Одговор:

***6.*** Каков вид исхрана им дал Бог на Адам и Ева? Одговор:

***7.*** Кога Бог за прв пат дозволил да се јаде месо? Одговор:

***8.*** Кое животно е особено забрането да се јаде според 3. Мојсеева 11,7?
Одговор:

***9.*** Набројте ги трите вида морска храна кои се класифицирани како нечисти во 3. Книга Мојсеева 11 глава. Одговор:

***10.*** Во 1. Коринќаните 6,19 како се нарекува телото? Одговор:

*Што научивте од оваа тема, а има големо значење за вас? (прашање на избор, не влијае на вашиот резултат)

## ПРОВЕРЕТЕ ГИ СВОИТЕ СОЗНАНИЈА!

# КОВАНИТЕ ПАРИ ВО АНТИКАТА

***1.*** Пред да бидат измислени парите, како плаќале луѓето за работите што ги купувале?
Одговор: 

***2.*** Дали „шекел“ бил пара или мерка за тежина? Одговор: 

***3.*** Колку килограми има во еден талант? Одговор: 

***4.*** Кога за прв пат биле ковани парите? Одговор: 

***5.*** Во кој век п.н.е. за првпат биле втиснувани натписи на монетите?
Одговор: 

***6.*** Колкава била вредноста на еден денариус?
Одговор: 

***7.*** Кои двајца луѓе од Стариот завет, кои не биле Евреи, платиле десеток?
Одговор: 

***8.*** Колкав дел од приходот е десеток? Одговор: 

***9.*** Што им било кажано на Израелците да прават со нивниот десеток?
Одговор: 

***10.*** Кој пророк во Стариот завет рекол дека со задржувањето на десетокот крадеме од она што му припаѓа на Бога? Одговор: а) 

* Што научивте од оваа тема, а има големо значење за вас? (прашање на избор, не влијае на вашиот резултат) 

**Ваши податоци**

Име и презиме  Телефон 

Адреса 

Откако ќе ги одговорите прашањата и ќе ги внесете Вашите податоци, исечете го овој лист и испратете го на нашата адреса:

**за Библиска археологија, ул. Влае бр. 42, 1000 Скопје**



потврдија тоа. Пред многу години посетив едно семејство во Џимпи, Квинсленд. Некако почнавме да разговараме за Божјите подарени благослови и земјоделецот ми предложи да излеземе надвор од куќата. Покажа кон оградата што се наоѓаше од другата страна на неговата ливада. Ми кажа дека пред неколку години се случил уништувачки налет на скакулци. Се групирале во голем облак, притоа блокирајќи ги патиштата и уништувајќи сè што им се нашло на патот. Некои земјоделци ископале длабоки ровови за да им го одвлечат вниманието. Други, пак, користеле големи количини инсектицид, но сè било безуспешно. Бројот на скакулците незапирливо се зголемувал. Додека во вестите се соопштувало дека скакулците се упатиле кон земјиштето на мојот пријател, тој го повикал своето семејство и им рекол дека има само една надеж за да се спречи финансискиот колапс. Ја отворил Библијата во Малахија 3,11, клекнал на колена и го потсетил Бога дека верно го плаќале десетокот. Се молеле Бог да „ги прекори скакулците“ токму како што ветил. Тој ми кажа дека заедно со членовите на семејството гледале како облакот се доближувал кон неговото земјиште, но кога стигнале до оградата облакот се одделил и отишол на едната или на другата страна од неговата ливада. Не бил допрен ниту еден лист од неговата жетва. Тој ми кажа дека земјоделци од целата област дошле да го прашаат за неговата тајна што му помогнала да ја избегне несреќата. Тој го покажал Божјото ветување во Библијата. Повеќето посетители не биле импресионирани. Се надевале дека ќе чујат за некој за нив непознат силен инсектицид, но сепак не можеле да одречат дека се случило чудо. Жално е што луѓето денес свесно го ограбуваат Бога. Тој направил многу за луѓето од овој свет. Го пратил својот Единороден син да живее и да умре тука за да можеме да имаме вечен живот. Не би требало дури ни да помислуваме свесно да го ограбуваме нашиот Добродетел и би било неразумно да ги одбиеме богатите ветувања за нашиот просперитет.



Наезда од скакулци

АРХЕОЛОГИЈА копање подлабоко
Списание за промовирање на библиската археологија | Број 11, година II, 2017 | Месечно издание |
Одговорен уредник: **Михајло Гурев** | Автор на текстот: **Дејвид Даун** | Превод на македонски: **Весна Вучиниќ** | Јазична редакција: **Мелита Томовска** | Дизајн: **Лазар Томовски** |
Издава: **АИК „Знаци на времето“,** Поштенски фах 215, 1000 Скопје | Контакт: **071 569 076** |
e-mail: **ab.institut@yahoo.com** | Печати: **Аркус дизајн**

# Сè што имаше таа

Веројатно највпечатливата лекција што Исус ја кажал за давањето била онаа за сиромашната вдовица која дошла да приложи дар. Додека Исус седел покрај благајната на храмот, гледал како богатите фарисеи,



Сиромашната вдовица дала незначителна сума, но тоа било сè што имала

перчејќи се, доаѓале да дадат прилог. Некои луѓе имале обичај да вработат трубач кој ќе оди пред нив и ќе го привлекува вниманието сè со цел да се види големата вредност на подарокот. Додека гледал, една сиромашна вдовица крадешкум се приближила. Таа добро знаела дека нејзиниот дар бил безвреден во споредба со многуте вредни приноси, но го почитувала Бога и сакала да ја покаже својата љубов кон Него. Кога видела дека има можност да го даде дарот незабележано, набрзина ги фрлила нејзините монети во ковчежето и веднаш се свртела да си оди. Ставила две парички, бакарни монети наречени „лепти“, кои всушност ја имале најмалата можна вредност од сите монети што циркулирале во тоа време. Меѓутоа, нејзиното дело не можело да му избега на Исусовото проникливо око. Можеме да го замислиме нејзиното чудење и благодарност кога слушнала како Исус им зборува на своите ученици: „Вистина ви велам дека оваа сиромашна вдовица даде повеќе од сите што пуштија во ризницата; зашто сите пуштија од својот вишок, а таа од својата сиромаштија даде сè што имаше, целиот свој имот” (Марко 12,43.44). Не се смета големината на подарокот, туку направената жртва кога се дава. Исус рекол: „Бесплатно добивте, бесплатно давајте” (Матеј 10,8).

## ВО СЛЕДНИОТ БРОЈ ЧИТАЈТЕ:

момчето-цар **ТУТАНКАМОН** и судбината на **ПОМПЕЈА**

- Тутанкамоновата авенија на сфинги
- Ограбувачите на гробници
- Хауард Картер ја пронаоѓа гробницата на Тутанкамон
- Сјајот и порочноста на новиот Содом и Гомора
- Везув го запира животот на древната Помпеја

